Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

## *ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-9247/1 од 17.11.2022 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-9247/1 од 17.11.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Од страна на познат подносител на ден 17.11.2022 година поднесена е пријава против лицето ----------, градоначалник на Општина ------, со наводи за неосновано запирање на постапката за вработување по што е оформен предмет број 12-9247/1 од 17.11.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека на ден 02.11.2022 година во дневните весници ,,Вечер'', "Слободен печат,, и ,,Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација бил објавен јавен оглас број ---/2022 за вработување на (2) државни службеници од група 1, подгрупа 1 во Општина ----.

Јавниот оглас бил објавен во согласност со член 35 од Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници, а во врска со член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работни места во јавниот сектор преку вработување.

Подносителот на пријавата, наведува дека аплицирал на огласот за вработување, со целокупната документација согласно наведеното во огласот, но на денот пред истекувањето на огласот градоначалникот доставил барање до Агенцијата за администрација за запирање на постапката по објавениот оглас за вработување. Од ДКСК бара одговор зошто е така постапено со едновремено поднесување приговор за постапувањето.

Разгледувајќи ги наводите во пријавата, ДКСК констатира дека предметните наводи не се предмет на нејзино надлежно постапување, подносителот на пријавата можел да ги искористи правните лекови предвидени во Законот за административни службеници за остварување на неговите права.

По вака утврдената фактичка состојба, ДКСК, оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Изработил: Ф.О

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk